Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

УПРАВЕН СУД
Су.Бр03 Ф.0302-187/21
28.10.2021 година
Скопје

28-10-2021

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

**Архивски број:08-~~870~~/1720/3**

25-10-2021

ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА УПРАВНИОТ СУД
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

СКОПЈЕ

**Предмет: достава на записник**

Почитувана,

Министерството за правда приложено Ви го доставува записникот за извршен увид во функционалноста на Автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети во Управниот суд Скопје од 08.07.2020 година, на Ваше запознавање и надлежно постапување.

Со почит,

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
м-р Бојан Маричиќ

Подготвил:Валентина Шаурек,државен советник


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Архивски бр. 08-1721/2
датум

24-08-2021

# ЗАПИСНИК
# ОД УВИД ВО УПРАВЕН СУД

Министерството за правда на ден 08.07.2021 година во 9.00 часот, согласно Планот за надзор бр. 08-1001/1 од 12.02.2020 година го започна увидот во функционалноста на Автоматскиот компјутерски систем за управување со судските предмети (АКМИС) во Управниот суд.

Надзорот започна со интервју на претседателот на Управниот суд г-дин Бурим Сејдини кој ја информираше Комисијата, дека во судот работат 30 судии и две судиски места се упразнети. Во судската писарница имале недостаток од персонал, но сепак успешно ја менаџирале состојбата до пополнување на упразнетите места. Од вкупно предвидените 178 работни места по систематизација, само половината биле пополнети. Претседателот на судот наведе, дека во Управниот суд за четири години биле архивирани 50.000 предмети и капацитетот на судот бил зголемен за 30 %. Во претходниот записник од увид од 04.04.2019 година е наведено дека за архивирање чекале вкупно 98.322 предмети, што упатува на заклучок дека состојбата со неархивираните предмети не е целосно совладана и се очекува од судот во наредната година да се совлада заостатокот во неархивирани предмети. Во однос на предметите по жалба кои биле недоставени до повисокиот


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

суд, ситуацијата била подобрена, но сепак дел од предметите не биле пронајдени. Во судот биле пронајдени 415 предмети на кои биле ставени клаузули за правосилност и извршност и истите биле доставени до Царинската управа на Република Северна Македонија. Претседателот на судот наведе дека околу 450 предмети биле погрешно евидентирани во АКМИС-от, поради што се бара решение за нивно бришење. Воедно Претседателот укажа на проблемот со АКМИС -от со кој се соочуваат во пракса, дека дел од АКМИС-от не одговара на она што значи управно судство, односно дека не треба да има уписници нумерички определени, туку да има само еден уписник, бидејќи е комплицирано и се прават грешки при заведувањето на предметите. Во судот има 1 уписничар кој ги води сите шест уписници. Потребно е АКМИС-от да се прилагоди за потребите на судот и да има можност за вертикално и хоризонтално движење на предметите.

Во Управниот суд како и во основните судови се случувало странка да поднесе повеќе тужби против исто оспорено решение, со што врши избор на судија известител, преку повлекување на останатите тужби. Овој проблем се провлекува со години наназад и судовите се справуваат на начин што „избраниот судија" се иззема од постапувањето по предметот.

Надзорната комисија побара документацијата наведена во гореспоменатиот допис да биде доставена на увид и притоа, во однос на бараните документи беше утврдено следното:

1. **Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2018, 2019 и 2020 година.**

Надзорна комисија беше известена дека во судот е формирано Работно тело за управување со движење на предметите во судот во кое има измени поради промена во персоналниот состав.

**2. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2018, 2019 и 2020 година по предлог на работното тело.**

Комисијата беше известена дека Годишен план за управување со движењето на предметите за предвидениот период е исто така донесен, за 2020 година е заведен под Су.бр. 0204-24/20.

**3. Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно.**

Во судот претседателот вршел надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот, од кои има службени белешки од извршен надзор на неделно и месечно ниво.

**4. Извештаите на повисокиот суд за работата на Управниот суд за 2018, 2019 и 2020 година.**

Комисијата беше известена, дека Вишиот Управен суд извршил посета во 2021 година, додека за 2019 година посетата била одложена, заради ситуцијата со рестриктивните мерки за спречување на ковидот.

**5. Записници од одржани седници на судии на месечно ниво, увид во записници.**

Комисијата за надзор беше известена дека редовно се одржуваат седници на судии на месечно нивно, за што се изготвуваат записници.

**6. Организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС.**

Во судот не се организираат редовни обуки за судии и стручни соработници освен ако има некоја новина во однос на примената на АКМИС-от или ново избран судија. Во тој случај се врши интерна обука на судијата од страна на информатичарите во судот. Исто така, не е обезбедена соодветна обука ниту за информатичарите. Беше истакнато дека нема организирана и систематска обука.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

***ПРЕПОРАКА: Надлежните органи да преземат чекори во организирање на континурана обука од областа на ИКТ за информатичарите во судот и соодветни обуки за другите вработени во судот.***

## 7. Судски администратор

Во судот нема судски администратор, бидејќи огласот кој бил распишан пропаднал, од причина што не се пријавиле кандидати кои ги исполнуваат условите.

Раководител на стручно-правна служба е Снежана Кипровска која присуствуваше на надзорот и беше извршен разговор со неа во врска со сите аспекти околу организацијата на судот.

***ПРЕПОРАКА: Да се забрза процесот за избор на судски администратор, недозволиво е со години судот да работи без администратор.***

## 8. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи, за контролираниот период.

Судот има изработено список на судии и судски службеници со распоред по кориснички групи при користење на АКМИС-от во кој се евидентира секоја поголема промена во однос на доделување на привилегии. Секој корисник се најавува со свое Корисничко име и лозинка со што недвосмислено се знае кој пристапил на системот. Согласно Годишниот распоред за работа на судот, уписничарот има своја замена кој се најавува на АКМИС-от со свое Корисничко име и лозинка.

## 9. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за период од три последни години.

Внатрешни процедури за одделни процеси при управување со движење на предметите во Управниот суд, за контролираниот период се донесени, што се заклучи со увид во истите.

Внатрешните процедури ги има во АКМИС системот, но дополнувањата на истите ги нема во системот.

***ПРЕПОРАКА: сите акти во судот во делот на судската управа да бидат внесени во АКМИС.***

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

10. **Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите.**

Бројот, видот на судски оддели со судиите кои постапуваат по секоја област се утврдени со годишните распореди во судот. Надзорната комисија утврди дека работата во судот се организира во три судски оддели и тоа:

1. Оддел за имотно правни области, денационазизација, урбанизам, градежништво и други сродни права,
2. Оддел за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување, царини, концесии, јавни привани партнерства и други сродни права,
3. Оддел за финансиски прашања, јавни набавки и други сродни права.

11. **Годишниот распоред на судии и сите измени на годишниот распоред на судии, со записници за запазена процедура, за 2018, 2019 и 2020 година, дали се донесени до 31.12 и колку пати се менувани и дали е запазена процедурата.**

Годишните распореди на судии се носат на седница на судии до 31 декември. За контролираниот период во судот изготвени се Записници од одржана расправа за Предлог за годишен распоред и поединечно гласање од сите судии, по што е донесен распоредот за работа. Измените на годишните распореди се законски заради избор на нови судии, измена на совети, пензионирање на судија, и заради подобра организација на работата во судот.

*Од документацијата дадена во прилог може да се заклучи дали измените и дополнувањата на Годишниот распоред за работа се вршени според членот 88 став 3, од Законот за судовите.*

12. **Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за 2018, 2019 и 2020 година.**

Во судот се организираат дежурства само за време на летните одмори.

13. **Огласна табла на судот.**

Судот располага со огласна табла (електронска) која е во функција.

14. **Формиран оддел за судска пракса во судот (член 74 од СД).**



Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Комисијата беше известена дека е формиран Совет за судска пракса кој води сметка за воедначување на судската пракса, во кој учествуваат претседателите на оддели.

**15. Задолжително формирање на канцеларија за односи со јавност.**

Во судот е формирана канцеларија за односи со јавност.

**16. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети.**

Со Одлука лицето Сања Цветкова - Раководител на Одделението за информатика е определена за судски службеник задолжен за АКМИС. Задолженото лице беше повикано и со неа лично разговараа членовите на Комисијата околу различни аспекти за организацијата на АКМИС-от и неговата примена во судот.

**17. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети, за 2018, 2019 и 2020 година.**

Надзорната комисија беше известена дека за време на годишните одмори судиите не се исклучуваат комплетно од автоматската распределба на предмети согласно судскиот деловник.

Исклучување на судија од АКМИС-от се врши со образложена наредба за причини за исклучување и со назнака предметот да биде повторно распределен преку АКМИС-от.

**18. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради иземање на судија, и одлуките за иземање за 2018, 2019 и 2020 година.**

Иземањто на судија се врши со Решение кое е образложено, по што преку АКМИС-от се прераспределува предметот. Кај прераспределбата на предмети кога има нов судија се земаат подеднаков број на предмети од сите судии по случаен избор кои преку АКМИС-от се распределуваат кај новиот судија, за да има ист број на предмети како и другите судии.

**19. План за годишен одмор на судиите, за 2018, 2019 и 2020 година.**

Во судот се носат планови за годишни одмори за судиите. За време на годишните одмори не се исклучуваат судиите комплетно од АКМИС-от согласно Судскиот деловник, поради што во судот сметаат дека Судскиот деловник треба да претрпи измена, односно да се врши исклучување на судии само во однос на итните предмети.

**20. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот.**

За време на увидот детално се проверени уписниците од 2018, 2019 и 2020 година. Нема нераспределени предмети во ниту еден уписник.

Сите уписници по кои постапуваат повеќе судии се вклучени на автоматска распределба (УСПИ, УПРД, УПРК, УПРЦ, УПР, УРП, У,У-4, У-1, У-5, У-3). Нема уписници по кои постапува само еден судија освен уписниците од судска управа - СУ, но и уписниците СПИ, УПП, по кои постапува претседателот на судот.

На денот на увидот беше констатирано дека нема нераспределени предмети со датум постар од тековниот. Распределбата и прераспределбата на предметите се врши од страна на раководителите на уписници во судот.

**21. Сите одлуки за рачна распределба на предмети од АКМИС за 2018, 2019 и 2020 година.**

Кога има нов судија распределбата се врши рачно по рандом систем и во хронологија од сите судии во советот се земаат подеднаков број на предмети, притоа водејќи сметка за бројот на решени и предмети во работа, затоа што споените предмети преку АКМИС-от се раздвојуваат, односно системот не ги препознава.

**22. Преглед на информатичката опрема со која располага судот.**

Список на информатичка опрема со која располага Управниот суд е доставен на членовите на комисијата - информатичарите констатираа дека капацитетот на серверот е недоволен за нормално функционирање на АКМИС-от, а посебно за редовно зачувување на потребните резервни копии на податоци. Управниот суд


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

нема потпишано меморандум за соработка, Проект за интероперебилност. Исто така, се прави Backup на податоците од АКМИС-от во судот.

***ПРЕПОРАКА: Итно да се зајакнат капацитетите на серверите за да се овозможи непречено функционирање на АКМИС-от, скенирањето на влезните документи. Да се набават нови сервери за судовите во Република Северна Македонија со цел непречено функционирање на АКМИС-от и останатите ИКТ услуги воведени во судовите.***

## 23. Скенирање на влезни документи

Надзорната комисија беше информирана, дека во Управниот суд се скенираат само барањата за правосилност, извештаите и разумен рок, сите останати документи не ги скенираат бидејќи немаат дисков простор каде да ги складираат, односно технички услови за скенирање и човечки ресурси. Исто така, во Судот има два скенера кои се во функција.

***ПРЕПОРАКА: Да се преземат чекори за надминување на проблемот во судот со скенирање на документи.***

## 24. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник.

Надзорната комисија беше информирана дека автоматска распределба на предметите во судот се врши еднаш дневно и тоа во 14:30 часот. Итните предмети се распределуваат веднаш при прием. На денот на надзорот немаше нераспределни предмети со датум на внес постар од тековниот. Предметите редовно електронски се праќаат до судиите.

## 25. Објавен број на анонимизирани судски одлуки на судски веб портал во однос на вкупен број одлуки донесени во судот.

Надзорната комисија беше информирана, дека во судот редовно се објавуваат анонимизирани одлуки на судскиот веб портал. Бројот на анонимизирани одлуки објавени на веб-порталот на судот за контролираниот

период е следен: за 2018 година имаат објавено 8764 анонимизирани одлуки, за 2019 година 7865 анонимизирани одлуки и за 2020 година имаат објавено 6478 анонимизирани одлуки, до моментот на надзорот.

## 26. Електронски прием на предмети од страна на судиите.

Надзорната комисија беше информирана дека електронскиот прием на предмети од страна на судиите се врши редовно. Беше истакнато дека нема никакво задоцнување по однос на тоа прашање.

## 27. Уписници што се водат во хартиена форма.

Надзорната комисија беше информирана дека во Управниот суд, уписникот означен со РП во кој се заведуваат разни предмети се води само хартиено, а сите останати уписници се водат електронски.

Увидот заврши на ден 08.07.2021 година во 14.30 часот.

**<u>Членови на надзорна комисија:</u>**

1. Валентина Шаурек ____________
2. Ана Стојова ____________
3. Нофка Стојанова ____________
4. Теута Бериша ____________


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk